Врз основа на член 54, став (1) точка 2.16. и член 163 став (5) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/25 и 135/25) Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 09 март 2026 година донесе

РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА ВОДНИ УСЛУГИ И УСЛУГИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛЕН ОТПАД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KOMISIONI RREGULLATOR I ENERGJETIKËS, I SHËRBIMEVE TË UJIT DHE I SHËRBIMEVE TË MENAXHIMIT ME MBETURINAT KOMUNALE I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр./Nr. 12-290/3
9.3. 2026 год.-viti
Скопје-Shkup

# РЕШЕНИЕ

## за одобрување на Програмата за усогласеност на активностите на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје за обезбедување на објективност и транспарентност и спречување на дискриминаторско однесување при вршење на дејноста дистрибуција на електрична енергија

1. Со ова решение се одобрува Програмата за усогласеност на активностите на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје за обезбедување на објективност и транспарентност и спречување на дискриминаторско однесување при вршење на дејноста дистрибуција на електрична енергија, доставена од страна на операторот на електродистрибутивниот систем, Друштво за дистрибуција на електрична енергија Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, бр. 20-548/1 од 23 февруари 2026 година.
2. Се задолжува Друштвото за дистрибуција на електрична енергија Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, Програмата за усогласеност од точка 1 од ова решение да ја објави на неговата веб страницата во рок од 15 дена од денот на донесувањето на ова решение.
3. Ова решение се доставува до Друштвото за дистрибуција на електрична енергија Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје.
4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето и се објавува на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

# Образложение

Операторот на електродистрибутивниот систем, Друштво за дистрибуција на електрична енергија Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје (во натамошниот текст: Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје), на 3 ноември 2025 година до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) достави на одобрување Програма за усогласеност на активностите на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје за обезбедување на објективност и транспарентност и спречување на дискриминаторско однесување при вршење на дејноста дистрибуција на електрична енергија (во понатамошниот текст: Програма за усогласеност) бр. 20-2661/1 од 30 октомври 2025 година заведена во архивата на Регулаторната комисија за енергетика под бр.12-2037/1 од 3 ноември 2025 година.

Согласно член 163 став (5) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/25 и 135/25), операторот на електродистрибутивниот систем, независно од организациската форма, по претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика, назначува службеник за усогласеност и донесува програма за усогласеност со која се утврдуваат мерките кои треба да се преземаат заради оневозможување на дискриминација на корисниците на електродистрибутивниот систем по која било основа, се определуваат обврските на

вработените во реализацијата на програмата и се утврдува начинот на следење на усогласеноста на работењето на операторот на електродистрибутивниот систем со програмата.

Регулаторната комисија за енергетика ја разгледа доставената Програма за усогласеност и на 17 ноември 2025 година до Електродистрибуција достави допис бр. 12-2037/2 од 17 ноември 2025 година со кој побара текстот на Програмата за усогласеност да се корегира и дополни. Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје на 12 декември 2025 година до Регулаторната комисија за енергетика достави дополнета Програма за усогласеност бр. 03-3012/1 од 9 декември 2025 година заведена во архивата на Регулаторната комисија за енергетика под бр.12-2037/3 од 12 декември 2025 година. По усогласување на коментарите, Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје на 25 февруари 2026 година до Регулаторната комисија за енергетика достави дополнета Програма за усогласеност бр. 20-548/1 од 23 февруари 2026 година заведена во архивата на Регулаторната комисија за енергетика под бр.12-290/1 од 25 февруари 2026 година.

Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје на 03 март 2026 година до Регулаторната комисија за енергетика ја достави Одлука бр. 02-587/2-1 од 26 февруари 2026 година, заведена во архивата на Регулаторната комисија за енергетика под бр. 12-290/2 од 03 март 2026 година, со која управителите на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје ја донесоа Програмата за усогласеност.

На 09 март 2026 година Регулаторната комисија за енергетика одржа седница на која ја разгледа и одобри Програмата за усогласеност на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, бр. 20-548/1 од 23 февруари 2026 година, којашто е во прилог на ова решение.

Имајќи го во предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот.

**бр. 12-290/3**

**09 март 2026 година**

**Скопје**

**ЗАМЕНИК ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**на Регулаторна комисија за енергетика,**

**водни услуги и услуги за управување со**

**комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Lirim Sulajmani**

Прилог:

- Програма за усогласеност на активностите на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје за обезбедување на објективност и транспарентност и спречување на дискриминаторско однесување при вршење на дејноста дистрибуција на електрична енергија, бр. 20-548/1 од 23 февруари 2026 година.